**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1003-168/5**
**Скопје, 19.06.2009 година**

**До**

**АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на Агенција за државни патишта (во понатамошниот текст Агенција) кои се прикажани на страните од 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Фондот за магистрални и регионални патишта за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија и е дадено мислење со резерва.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
    - Наташа Валкановска, Директор на Фондот, односно Агенцијата

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 6 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во период од 03.03.2009 година до 14.04.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
    - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

### 10.1. Систем на интерни контроли

#### *10.1.1. Процес на остварување на приходи од надомест за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина)*

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на остварување на приходи од надомест за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина), ревизијата констатира дека Агенцијата има воспоставено интерни контроли преку ex-post увид во базата на податоци од електронскиот систем за следење на наплатата на патарина, кој го користи ЈП Македонијапат, но истите не го покриваат во целост ризикот за целосност и точност на приходите. Причина за ваквата состојба е тоа што воспоставениот електронски систем за следење на наплатата на патарина, не дава целосно уверување за точна наплата на тарифата за надоместокот по категории возила, целосна и точна евиденција од наплатата и навремена и комплетна уплата на патарина. Имено, значителната присутност на „човечки фактор„ во постоечкиот систем за наплата на патарина, создава ризик од прикажување неточни податоци за бројот на возила кои го користеле патот, возила кои одбиле да платат патарина, кои се ослободени од плаќање патарина, како и за наплатениот надоместок по тарифа соодветна за категоријата на возилото.
*Агенцијата има подготвено техничка документација за воведување нов интегриран систем за наплата, но имплементацијата на истиот е поврзана со идните текови во законската регулатива за процесот на трансформација на ЈП Македонијапат и определување на правно лице кое ќе врши наплата на патарина, како и со регулирањето на давање под концесија на јавните патишта. Новиот интегриран систем за наплата на патарина, би требало да обезбеди поголема сигурност на информациите кои ќе се добиваат од правното лице кое ќе ја врши наплатата, како и поефикасна наплата на патарината.*

**Препорака:**
Агенцијата во соработка со надлежните органи, да го интензивира процесот на воспоставување нов, поефикасен, интегриран систем за наплата на патарината, со цел обезбедување освен сигурност на информациите и правилна примена на тарифата и опфатност на сите корисници што ги добива од ЈП Македонијапат во поглед на наплатата, дневната евиденција и уплатата на патарина.

***10.1.2. Процес на остварување на приходи од надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила - патна такса***

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на остварување на приходи од надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила - патна такса, ревизијата констатира дека:

- Агенцијата нема воспоставено контроли на наплатената патна такса (готовинска и вирманска) од страна на Овластените правни лица за регистрација на моторни возила, нема обезбедена целосна и точна евиденција за наплатата и доказ за редовна контрола на работењето на истите, согласно предвидените договори.
*Во 2009 година Агенцијата има задолжено две лица за редовен увид во процесот на остварување приходи од патна такса.*

- Агенцијата нема обезбедено целосна информација за бројот на регистрирани возила по категории и општини во Република Македонија на годишно ниво, од надлежните институции.
*Во текот на ревизијата, Агенцијата се обрати со Писмо бр.05-1378/1 до Министерство за внатрешни работи со барање за достава на податоци за бројот на регистрирани возила по категории и општини на годишно ниво, но до моментот на вршење ревизија не беше добиен повратен одговор од Министерството.*

Агенцијата не врши контрола на вистинитоста и целосноста на податоците за наплатените средства од надомест за употреба на јавните патишта, што го плаќаат странските возила на граничните премини, со уплатените средства во Агенцијата. Согласно Законот за јавните патишта, средствата од надомест за употреба на јавните патишта, што го плаќаат странските возила е приход на Агенцијата, а наплатата ја вршат царинските служби.

Наведените состојби создаваат ризик за целосност и точност на приходите од патна такса.

**Препораки:**
Агенцијата за наплатената патна такса (готовинска и вирманска) од Овластените правни лица да обезбеди целосна и точна евиденција за уплатата на патната такса, а задолжените лица од Агенцијата, да вршат редовен увид во работењето на истите, со цел вршење контрола на навремена и комплетна уплата од нивна страна.

Агенцијата во координација со Царинската управа и надлежните органи, да воспостави контролни механизми за целосноста и точноста на податоците за наплатените средства од надомест за употреба на јавните патишта, што го плаќаат странските возила.

***10.2. Неправилна примена на акти:***

***10.2.1.*** Агенцијата нема обезбедено документ за сопственост (имотни/поседовни листи) на објектот во кој е сместена, како и за останатиот имот со кој располага (административна барака во Скопје, камп куќа во Маврово и 2 стана во Охрид), евидентирани во сметководствената евиденција, што не е во согласност со Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите. Поради нерегулирани имотно-правни односи, Агенцијата за евидентираните недвижности не располага со документација за доказ на сопственоста.
*Агенцијата има поднесено Барање за добивање имотен лист број 03-389/1 од 11.02.2009 до Агенција за катастар за недвижности на РМ. Добиено е известување Уп.бр. 1114/1-121 од 24.02.2009 од Агенција за катастар на недвижности, во кое е наведено дека на предметната адреса деловната зграда е запишана во имотен лист на име РМ-Влада на РМ, со напомена дека имотниот лист не е изложен, односно по истиот не се утврдени правата на сопственост, поради што не се во можност да издадат имотен лист.*

**Препорака:**
Одговорните лица во Агенцијата, да продолжат со активностите за обезбедување на документ за сопственост за објектите со кои располага Агенцијата.

***10.2.2.*** Агенцијата, во текот на 2008 година врши исплати по фактури и времени ситуации и од 2007 година, кои не се предвидени со Буџетот и Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во РМ, во вкупен износ од 91.938 илјади денари, што не е во согласност со Законот за буџетите. Непредвидувањето на обврските од минати години, влијае на нереално и необјективно предвидување на расходите за тековната година.
*Според исказите на одговорните лица во Агенцијата, преземените обврски од 2008 година, ќе се предвидат со ребалансот на Буџетот за 2009 година*.

**Препорака:**
Агенцијата, при изготвувањето на Буџетот и Програмата за тековната година, да ги предвидува превземените обврски од минати години.

### 10.3. *Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

***10.3.1.*** Постои неусогласување помеѓу позициите Капитални средства и Изворите на капитални средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2008 година, во износ од 111.584 илјади денари, спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници, поради не примена на основното сметководствено начело на парично искажување во минати години, што придонесува билансните позиции искажани во финансиските извештаи да се нереални и необјективни.

**Препорака:**
Агенцијата да изврши усогласување на позициите Капитални средства и Извори на капитални средства.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Агенцијата за државни патишта под 31 Декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Агенцијата за државни патишта е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

13. ***Прифатени и корегирани неправилности од страна на Агенцијата во текот на ревизијата, а се однесува на:***

13.1. Во текот на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции во финансиските извештаи за 2008 година, поради сметководствени грешки кои што субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги, кои имаат ефект на намалување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2008 година за износ од 441 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење 70 од 13.04.2009 година.

14. **Ревизијата е на мислење да обелодени:**

14.1. Обрнуваме внимание дека во тек се повеќе судски спорови против Агенцијата по основ на неисплатен надомест за експропријација на земјиште и неплатени обврски спрема добавувачи. Во дел од предметите утврден е износот на надоместот на штета (вкупен износ од 15.466 илјади денари), а во дел вредноста на штетата е неопределена. Конечната разврска по ова прашање засега не може да се утврди, ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на Агенцијата.

14.2. Во тек е судска постапка против вработените во ЈП Македонијапат кои биле ангажирани и одговорни за наплата на надоместокот за употреба на автопат (патарина), по која е донесен Пресуда од Основен суд Скопје 1 како првостепен кривичен и надлежен суд од 28.11.2008 година, примена во Агенцијата на 09.02.2009 година. Според наведената Пресуда, обвинетите се должни на Фондот/Агенцијата солидарно да ја надоместат штетата во износ од 169.345 илјади денари или околу 2.750 илјади евра, во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата. До моментот на вршење ревизија, не беше доставена правосилна пресуда за наведениот судски спор.

14.3. Во периодот од 2001 до 2004 година дадени се средства за изградба на магистрални и регионални патишта, во вкупен износ од 945.255 илјади денари од Министерство за финансии-средства од продажба на Телеком. Министерство за финансии директно ги исплатувало средствата на изведувачите на работите по претходно подготвени проекти и програми, спроведена постапка според Законот за јавни набавки од страна на Министерство за транспорт и врски и доставена комплетна финансиска документација. Во текот на 2007 година во Фондот комплетирана е документација за изградени магистрални и регионални патишта во вкупен износ од 682.141 илјади денари и истите се внесени во сметководствената евиденција на Фондот, а останува да се прибере документација за износ од 263.114 илјади денари. За наведениот износ не се евидентирани патишта во сметководствената евиденција на Агенцијата, надлежна за изградба и одржување на патиштата, од причини што не е доставена финансиска документација од Министерството за транспорт и врски и Министерство за финансии. Поради претходното имаме помалку искажани магистрални и регионални патишта во сметководствената евиденција на Агенцијата.
*Агенцијата се обрати со Писмо 05-1379/1 од 13.04.2009 година до Министерство за транспорт и врски, со кое бара информација колкав дел од доделените средства е реализиран за патна инфраструктура, односно доставување на документација за износот кој е реализиран, а за кој Агенцијата нема добиено документација за евидентирање на патиштата во сметководствената евиденција. До моментот на вршење ревизија, не беше добиен одговор од Министерството.*

14.4. Во текот на 2008 година донесен е нов Закон за јавните патишта објавен во "Сл.Весник на РМ" бр.84/2008 на 11.07.2008 година, согласно кој се основа Агенција за државни патишта за вршење на работите кои се однесуваат на управувањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на државните патишта. Средствата и имотот, како и правата и обврските на Фондот се пренесуваат на Агенцијата со денот на започнување со работа на Агенцијата. Исто така и вработените во Фондот ги превзема Агенцијата со денот на започнување со работа. Од страна на Владата на РМ именуван е директорот и новите членови на Управниот одбор на Агенцијата и донесен е и усвоен новиот Статут на Агенцијата. Според новиот Закон за јавните патишта, изворите на финансирање за изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавните патишта остануваат исти како и во претходниот закон. Наплатата на надоместокот за употреба на пат (патарина) според новиот Закон за јавни патишта ќе ја врши Агенцијата или правно лице

избрано од страна на Агенцијата. Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Македонијапат-Скопје продолжува со својата работа до влегувањето во сила на Законот за трансформација на јавното претпријатие, при што склучените договори за работите на одржување и заштита на државните патишта меѓу Фондот и Јавното претпријатие продолжуваат до истекот на рокот за кој се склучени, со можност за нивно продолжување.

14.5. Со Законот за јавните патишта (Сл.весник 84/2008 од 11.07.2008 година), предвидено е начинот на контрола на наплатата на надоместокот за употреба на пат (патарина) да се пропише од страна на министерот за транспорт и врски, а поблиските прописи предвидени во Законот, да се донесат во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на истиот. Ревизијата доби на увид Предлог-Правилник за начин на контрола на наплатата на надоместокот за употреба на пат (патарина), кој според исказите на одговорните лица во Агенцијата е доставен до Министерство за транспорт и врски по електронски пат. До моментот на вршење ревизија, не беше донесен Правилник за начинот на контрола на наплатата на надоместокот за употреба на пат (патарина) од страна на Министерство за транспорт и врски, иако законски утврдениот рок од шест месеци за изготвување на истиот, е поминат.

15. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за 2007 година, ревизијата утврди дека за констатациите изнесени во точките 11.1.1, 11.1.2 и 11.2.1. од страна на субјектот делумно се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

Скопје, 18.06.2009 година　　　　　　　　　　Овластен државен ревизор,

**Агенција за државни патишта**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 1,942,733 | 1,616,372 |
| Неданочни приходи | 10,272 | 4,300 |
| Трансфери и донации | 2,200,008 | 1,666,058 |
| Задолжување во странство | 889,837 | 629,196 |
| **Вкупно приходи** | **5,042,850** | **3,915,926** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надомести | 19,706 | 16,065 |
| Стоки и услуги | 1,022,551 | 1,011,690 |
| Каматни плаќања | 0 | 243,486 |
| Субвенции и трансфери | 16,327 | 11,348 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1,058,584** | **1,282,589** |
| **Капитални расходи** | **3,306,518** | **2,110,787** |
| **Отплата на главница** | 654,280 | 495,543 |
| **Вкупно расходи** | **5,019,382** | **3,888,919** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **23,468** | **27,007** |

**Агенција за државни патишта**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 23,467 | 27,008 |
| Хартии од вредност | 0 | 0 |
| Побарувања | 5,914 | 9,955 |
| Активни временски разграничувања | 928,965 | 93,142 |
| Аванси за капитални средства | 135,790 | 40,269 |
| Залихи | 513 | 195 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,094,649** | **170,569** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | |
| Капитални (материјални) средства | 28,065,728 | 24,119,768 |
| Материјални средства во подготовка | 5,824,666 | 7,980,700 |
| **Вкупно капитални средства** | **33,890,394** | **32,100,468** |
| **Средства на резервата, солидарноста и за други намени** | **3,979** | **0** |
| **Други долгорочни кредити и заеми и дефицит на буџетот** | **7,918,044** | **8,109,409** |
| **Вкупна актива** | **42,907,066** | **40,380,446** |
| ***ПАСИВА*** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 85,957 | 91,951 |
| Краткорочни обврски по резерви | 26,166 | 13,758 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 740,533 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2,070 | 1,204 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 100,419 | 100,419 |
| Пасивни временски разграничувања | 5,852,073 | 7,902,155 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **6,807,218** | **8,109,487** |
| **Обврски по долгорочни кредити и заеми** | **7,918,044** | **8,008,990** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 28,177,825 | 24,261,969 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **28,177,825** | **24,261,969** |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | **3,979** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **42,907,066** | **40,380,446** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **24,261,774** | **195** | **24,261,969** |
| **Зголемување по основ на:** | **4,913,092** | **733** | **4,913,825** |
| Набавки | 52,342 | 733 | **53,075** |
| Раздолжување на депозит | 2,017 | - | **2,017** |
| Инвестиции во тек-патишта | 4,855,503 | - | **4,855,503** |
| Ревалоризација | 241,222 | - | **241,222** |
| Ревалоризација на инвестиции во тек | 113,873 | - | **113,873** |
| Преотстапени возила | 3,229 | - | **3,229** |
| Спроведени корекции по ревизија | (355,094) | - | **(355,094)** |
| **Намалување по основ на:** | **998,109** | **415** | **998,524** |
| Расход | 58 | - | **58** |
| Амортизација | 996,261 | - | **996,261** |
| Корекции од субјектот | 1,790 | - | **1,790** |
| Издадени материјали | - | 415 | **415** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **28,176,757** | **513** | **28,177,270** |